Врховниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на член 101 од Уставот на РСМ, член 37 став 1 точка 1 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/06, 35/08, 150/10,39/12, 83/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ„ број 96/19), член 63 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.14/22), на Општата седница на ден 24.02.2022 година, утврди:

**ДОПОЛНУВАЊЕ**
**НА НАЧЕЛЕН СТАВ 03 Су.бр.335/21 од 28.04.2021 година**

**Во точка 1** по зборовите „му престанува или е разрешен од судиска функција“, се додаваат зборовите „или му е утврдено мирување на судиската функција“.

**Во точка 2** по зборовите „Во случај на престанок или разрешување од судиска функција“ се додаваат зборовите „или е утврдено мирување на судиската функција“.

**Во точка 3** по зборовите „ потпишана од судијата известител на кого му престанал или е разрешен од судиската функција“ се додаваат зборовите „или му е утврдено мирување на судиската функција“.

**Во точка 4** по зборовите „ од судијата известител на кого му престанала или е разрешен од судиската функција“ се додаваат зборовите „или му е утврдено мирување на судиската функција“.

**Во точка 5** по зборовите „ а на судијата известител како член на совет во меѓувреме му престанала или е разрешен од судиската функција“ се додаваат зборовите „или му е утврдено мирување на судиската функција“.

**Во точка 6** по зборовите „Во случај на престанок или разрешување од судиска функција“ се додаваат зборовите „или е утврдено мирување на судиската функција“.

**Во точка 7** по зборовите „Во случај на престанок или разрешување од судиска функција“ се додаваат зборовите „или е утврдено мирување на судиската функција“.

**Во точка 8** по зборовите „ Во случај на престанок или разрешување од судиска функција“ се додаваат зборовите „или е утврдено мирување на судиската функција“.

**Во точка 9** по зборовите „ а не е донесена одлука по престанокот или разрешување од судиска функција“ се додаваат зборовите „или по утврденото мирување на судиската функција на“.

**Во точка 10** по зборовите „ Во случај на престанок или разрешување од судиска функција“ се додаваат зборовите „или е утврдено мирување на судиската функција“.

О б р а з л о ж е н и е

Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 28.04.2021 година, утврди Начелен став во врска со прашањето за начинот на постапување со предмети од сите области во случај на престанување на судиската функција или разрешување според член 73 и 74 од Законот за судовите, на претседател или член на советот, но не опфати и постапување со предмети во случај на мирување на судиска функција согласно член 53 став 1 од истиот Закон.

По утврдувањето на Начелниот став од страна на Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, а по поднесено барање на судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија за мирување на судиската функција, Судскиот совет на Република Северна Македонија донесе решение со кое утврди мирување на судиска функција на еден судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Со донесување на наведеното решение, се наметна потреба за донесување на дополнение на Начелен став од 28.04.2021 година, со кој се разреши проблемот како да се постапува со предметите по кој е одлучено или е расправано, но не е донесена одлука. Со утврдениот Начелен став од 28.04.2021 година, од точка 1-10 е одлучено по сите прашања како да се постапува по предмети во случај на престанок или разрешување на судија од вршење на

судиската функција, но не е одлучено и за ситуација во случај на мирување на судиска функција.

Поради горенаведените причини, Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, на ден 24.02.2022 година по завршување на расправата донесе Заклучок за дополнување на Начелен став кој ќе биде составен дел на Начелниот став 03Су.бр.335/21 од 28.04.20221 година.

**ОПШТА СЕДНИЦА НА**
**ВРХОВЕН СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

ЕИ/